Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА
## со законска сила за примена на Законот за јавнообвинителска служба за време на вонредна состојба

### Член 1

Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр 62/15, 231/15, 11/16 и 21/18) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во јавнообвинителска служба се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

### Член 2

Вработените во јавнообвинителска служба кои се работно ангажирани за времетраењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение од јавен обвинител на соодветното јавно обвинителство.

На вработените во јавнообвинителска служба кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година им се смета за искористен.

### Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2956/1**
**8 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**